тарски материјал, очигледни се настојувањата на издавачите да достигнат максимум во таа смисла. Презентираниот ликовен материјал е многу богат и е даден во 99 слики од кои во боја има: 13 поединечни земски грбови на Македонија, 12 заеднички грбови на југословенските народи и 2 семејна грба. Во црнобела техника има: 9 поединечни земски грбови на Македонија, 15 заеднички грбови на југословенските народи и 4 семејна грба. Има 14 слики на разни предмети во кои е претставен македонскиот грб или неговиот амблем лавот и 30 слики, кои претставуваат разни цртежи поврзани со хералдиката, а најмногу од нив се однесуваат на македонската хералдика. **Х. М.**

**Димитар Влахов — МЕМОАРИ**
**Заедница за издавачка дејност при НИП „Нова Македонија“ — Скопје, 1970 година, 370**

За одбележување е излегувањето на една нова книга која припаѓа на мемоарската литература, мошне ретка кај нас.

Предговор на „Мемоарите“ дадоа Ванѓа и Коле Чашуле, кои се воедно и редактори. Во овој нивен предговор, кој носи наслов „Записи кон „Спомените“ е даден ликот на револуционерот во нашето револуционерно минато, неговите идеи, борбата и искушенијата. Исто така дадени се и карактеристики на споменитe воопшто, кои во никој случај не ќе можат да бидат сосема „објективистичка слика за животот, за настаните и за личностите што се градители и големи актери во тие настани“.

Кон „Мемоарите“ свој предговор (стр. 1—5) напишал и самиот автор. Тој е всушност мало објаснување за самите мемоари, за нивната содржина. пишувани од авторот после неговото 55-годишно политичко-општествено дејствување и публицистичка дејност. Ја изнесува и својата радост што ја дочекал слободата на македонскиот народ, што живее во слободна Македонија, но отворено искажувајќи го и своето жалење што таа слобода ја дочека само еден дел од Македонија.

Иако „Мемоарите“ се, пред сè, запишување на своите лични доживувања и давање карактеристика и толкување на личностите и настаните од свој личен аспект, тие содржат и доста историски факти, расветлување на доста настани од времето и средината во која се движел авторот.

Дотолку повеќе „Мемоарите“ на Димитар Влахов се од голема вредност за нашата историја, што тој е еден од ретките наши доследни македонски револуционери, чија што активност како политичка, така и општествена и публицистичка, траела мошне долго. Тој живееше и работеше во времето, кога беше најтешко да се најде правилниот пат за македонското национално револуционерно ослободително движење. Тоа беа тешките моменти по Илинденското востание, во Балканските војни, во Првата светска војна, а особено по неа, кога авторот ја разви својата најплодна политичка дејност.

Тоа беше времето кога Димитар Влахов остана доследен на органи-

зацијата и на нејзините принципи, застапувајќи се за политичка автономија на Македонија, за Македонија како рамноправен член на една идна балканска федерација.

„Мемоарите" на Димитар Влахов, се поделени на 2 дела.

Првиот дел ја опфаќа активноста на Влахов од неговата најрана младост до 1924 год.

Истиот дел е поделен на 3 глави.

Првата глава (стр. 9—53) е посветена претежно на родниот град на Влахов, Кукуш. Даден е како еден од поголемите македонски градови во II половина на XIX век, со неговото економско значење, со големиот број на интелектуалци, со револуционерите што ги дал, меѓу нив најголемиот организатор и идеен водач на национално-револуционерното движење во Македонија — Гоце Делчев.

Димитар Влахов го дава и учеството на своето семејство во национално-револуционерните борби на Македонија.

Како ученик во Солунската гимназија тој е веќе опфатен од слободарските идеи. Уште таму го согледува расположението на егзархиските учители:

„Тие пред сè беа великобугари, противници на македонскиот народ за ослободување и самостојност и сметаа дека стојат повисоко од учителите Македонци".

Набрзо по еден бунт на учениците во 1897 год. Д. Влахов, се префрла во Првата софиска гимназија. Тоа му овозможува подобро да се запознае со социјалистичките идеи и да ја запознае групата од македонски социјалисти околу В. Главинов.

За одбележување е дека големиот епохален настан за македонскиот народ Илинденското востание Влахов го затечува во Бугарија. Бидејќи сè уште млад и поради тоа што директно не учествува во него, тој помалку се задржува на него. Но сепак расцепот во организацијата, вината за предвременото кревање на востанието и неговите последици ги забележал во своите „Мемоари".

Втората глава (стр. 37—198) ги опфаќа настаните од есента 1903 г. до летото 1913 г. Авторот низ своите лични искажувања ги дал и настаните по Илинденското востание, посебно состојбата во Македонската револуционерна организација. При тоа истакнува дека организацијата, покрај тоа што изгуби доста свои членови — и видни раководители, се разниша, а опадна нејзината доверба во широките народни маси. Требаше големи напори, неуморна работа на членовите да се поврати таа доверба, да се консолидираат нејзините редови.

Токму во тоа време почнува и поактивната работа на Влахов во организацијата, како член на ЦК и како член во раководството на Солунскиот револуционерен округ. Но теророт на турските власти го погодува и Влахов и тој е принуден да го напушти Солун и да се врати во Бугарија.

Меѓутоа, настаните од 1908 година, т.е. Младотурската револуција, го повлекуваат пак во Македонија. Влахов, тргнувајќи од ново настанатата ситуација, ја прифаќа новата борба за национална рамноправност на сите народи во Турција. Имено тој како и голем број од левицата на ВМРО, се искажува за новиот конституционен режим во Турција, со надеж дека македонскиот народ ќе добие извесни економски, поли-

тички и национални права. Влахов учествува во работата на младотурскиот парламент, како претставник на интересите на широките народни маси, на работниците не само од македонската туку од сите националности. За еден свој говор во парламентот од 1910 год. вели: „Во тој говор јас истапив како изразител на негодувањата на македонскиот народ од внатрешната економска, политичка и социјална политика на младотурската влада кон него, за кое добив и многубројни поздрави како од видни претставители на македонскиот народ, така и од солунската социјалистичка федерација и работничките синдикати“ (стр. 114). Влахов во своите „Мемоари“, посветил посебно внимание на работата на НФП, како еден од нејзините главни раководители, како и нејзината борба против десницата на ВМРО на чело со Т. Александров, особено против нивното отворено поврзување со бугарската влада и против познатите атентати вршени од нив.

Во „Мемоарите“ особено значење Влахов посветува на активноста на Солунската социјалистичка федерација и ширењето на социјалистичките идеи во Македонија.

На Балканските војни и Првата светска војна Влахов се задржува помалку. Но за разлика од тоа поголемо внимание е посветено на настаните по Првата светска војна, во III-та глава (стр. 201—248).

Војната заврши, но македонското прашање остана уште поостро да се поставува. Македонија е поделена на 3 дела, но балканските хегемони, не се задоволни ни од таа делба. Бугарската влада ја почна старата своја политика на усвојување на цела Македонија. Голем број од македонската емиграција се најде во Бугарија, во првите години збркана и дезорганизирана, Димитар Влахов исто е тука. Неговите напори се упатени кон обединување на национално - револуционерните струи во македонското движење, за продолжување на борбата. Но што се случува: „Т. Александров, А. Протогеров, како претставители на уште постојната десница на ВМРО, беа значително дискредитирани. Но тие сè уште имаа свои привърженици во левицата на одделни братства, а во лицето на самиот Национален комитет на македонските братства. Тој комитет беше дирнгиран од Каранджулов, Бадев, Баждарев, Прличев“ (стр. 204).

Привременото претставителство на бившата ВМРО, во кое имаше видни македонски револуционери, како Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, како и дел од Серчани, не успеа долго да се одржи.

Се јавија и други струи и организации како што беа федералистите и сл.

Во една таква ситуација, тешко беше да се изнајде решение за заедничко дејствување.

Влахов по 1923 год. се наоѓа во Виена и работи токму на тоа. Нему треба да му се припише голема заслуга, за донесувањето на Мајскиот манифест 1924 год.

Вториот дел (стр. 251—366) од „Мемоарите“ кој го опфаќа токму периодот од донесувањето на Мајскиот манифест 1924 год. до 1935 год. се совпаѓа со престојот на Влахов во повеќе европски држави.

Согласност за создавање на една заедничка македонска револуционерна организација од сите дотогаш што постоеа, беше постигната. Димитар Влахов беше една од најза-

служните личности за тоа. Тој и во своите „Мемоари“ на тие настани им дал и посебно место. Но документите што беа донесени и потпишани од П. Чаулев, Т. Александров и А. Протугеров, од последните двајца беа набрзо поречени.

Тие се откажаа од секакви спогодби и си ја продолжија својата политика, на убијци, палачи и предавници на македонскиот народ.

Во „Мемоарите“, Влахов ги дал и трите документи од таа спогодба, Декларацијата, Протоколот и Манифестот.

Тогаш Влахов се одаде на својата активност да ги прибере и организира чесните македонски дејци за создавање на една македонска револуционерна организација и таква беше создадена. Тоа беше ВМРО (обединета) чиј орган беше „Македонско дело“.

„Како што се гледа, таа организација зборува за независна Македонија, и за независноста на македонското ослободително движење од какво и да е влијание на малите и големите европски држави“. (стр. 252).

Влахов го дава ова по изнесувањето на принципите на новата организација, дадени особено во т.н. „Мајски манифест“.

Во „Мемоарите“ е дадена дејноста на авторот додека се наоѓал во Виена, Берлин и Париз и неговиот придонес за запознавање на напредната општествена јавност во Европа со македонското прашање.

Влахов се среќава скоро на сите конгреси и конференции на разни меѓународни организации. Се движи во кругот на најголемите напредни општествено политички дејци во Европа.

Во „Мемоарите“ се наоѓаат и голем број податоци за работата на Влахов во Балканска Федерација, Балканскиот револуционерен центар и многу други организации во кои тој бил член, а во некои и виден раководител.

Неоспорно е дека во „Мемоарите“ има некои неправилни гледишта по некои настани, или личности на пр. карактеристиката за СССР во некои моменти и сл.

Меѓутоа, не може да се намали вредноста на оваа книга, особено што опфаќа еден доста голем период настани сврзани не само со Македонија, туку и такви кои посредно имале влијание и во неа.

На крајот како прилог кон „Мемоарите“ се дадени и 21 фотографија, од животот на Димитар Влахов и неговото потесно семејство.

**Д. П.**

**СТРУГА И СТРУШКО — Собрание на општина Струга, Струга 1970, 438**

Монографијата за Струга и Струшко што минатата година се појави пред нашата научна и културна јавност — заслужува посебно внимание.

Монографијата концепциски е мошне среќно решена. Таа содржи написи од областа на историјата, стопанството, културата, уметноста, образованието, здравството и физичката култура.

Книгата ја редактирале: Илија Каланоски, Владо Малески, Павле Митрески (претседател), Јован Стрезовски, Тодор Трајаноски и Петар Чакар.